# ЦЕПРОСАРД

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2022











ЦеПроСАРД

Април, 2023

# СОДРЖИНА


1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И РАЗВОЈ .......... 3
2. ЦЕЛИ .......... 4
3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ .......... 5
4. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2022 .......... 8

4.1 СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА .......... 8

4.2 ЕНЕРГИЈА И КЛИМА .......... 16

4.3 ЖИВОТНА СРЕДИНА .......... 18

4.4 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ .......... 19

5. КОМУНИКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ .......... 20
6. ОБУКИ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ .......... 21
7. ВМРЕЖУВАЊЕ .......... 22
8. ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА .......... 22
9. ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА .......... 22

9.1 АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ .......... 22

9.2 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ .......... 23

# 1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И РАЗВОЈ

Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој (ЦеПроСАРД) е невладина, непартиска и непрофитна организација која дејствува на целата територија на земјата. Организацијата е основана во 2008 година на иницијатива на група граѓани – професионалци од областа на земјоделството и руралниот развој, заштитата на животната средина, техничките струки и економските науки, кои ја идентификуваа неопходноста од комплексни општествени промени во поддршка на зачувувањето на животната средина и ублажувањето на климатските промени, со фокус на одржливиот развој.

### *Визија*

Визијата на ЦеПроСАРД е да бидеме професионален и сигурен партнер во креирањето и имплементацијата на политиките за постигнување на целите за одржлив развој на национално и локално ниво, како ефективен начин за да се направат трансформациски промени кои придонесуваат за создавање подобро општествено опкружување за идните генерации.

### *Мисија*

Нашата мисија е изградба на инклузивно, одржливо и просперитетно општество преку активно вклучување на граѓаните во создавањето, спроведувањето и оценката на јавните политики за одржлив раст и развој.

### *Развој*

Стратешки цели на организацијата се: промовирање на инклузивно, партиципативно и репрезентативно планирање на одржливиот развој втемелено на меѓународните стандарди за човекови права; и промовирање на механизми за соработка и партнерство кои обезбедуваат ефективо учество на граѓаните во креирање, имплементација и евалуација на јавните политики за одржлив развој на национално и локално ниво.

## 2. ЦЕЛИ

Здружението на граѓани ЦеПроСАРД се стреми кон постигнување на следниве цели:

- Подобрување на капацитетите за дијалог, соработка и партнерство помеѓу граѓанското општество и јавните институции со цел да се придонесе во имплементацијата на Агендата 2030 за одржлив развој, овозможување и олеснување на меѓу-секторни партнерства;
- Промоција на поширок граѓански ангажман во процесот на креирање политики и реформскиот процес, што ќе придонесе за одржлив развој на секторот животна средина и климатски промени и ќе има клучно влијание врз животот на граѓаните;
- Подобрување на локалниот и на регионалниот развој во земјата;
- Поддршка и развој на социјалното претприемаштво и олеснување на пристап до пазарот на труд на ранливи категории граѓани и последиците што ги носат долгорочната невработеност како и градење капацитети на организации кои делуваат во овој домен;
- Поддршка на процесот на дигитализација во контекст на целите за одржлив развој;
- Промоција и воведување на одржливи практики во развојот на руралните области и во развојот на земјоделството и производството на храна;
- Промовирање на можностите за искористување на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност секаде каде што е тоа возможно;
- Заштита на животната средина во согласност со начелата на одржлив развој;
- Заштита на природата;
- Митигација и адаптација кон климатските промени и нивното намалување;
- Зачувување на културното наследство;
- Интегрирање на трансверзалните теми на родови прашања, ранливи и маргинализирани групи, лица со посебни потреби во сите области на нашето делување.

# 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ

Здружението „Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој“ (ЦеПроСАРД) од Скопје дејствува преку следниве органи:

3.1. Собрание

3.2. Извршен одбор

3.3. Надзорен одбор

3.4. Советодавно тело

3.5. Извршен директор

**Организациска шема на ЦеПроСАРД**




### *Собрание*

Собранието го сочинуваат **дваесет и четири члена**. Членовите дејствуваат како активни, придружни и почесни членови.

### Извршен одбор

Извршниот одбор, како извршен орган составен од активните членови на здружението, во 2022 година работеше во состав:

- м-р Светлана Петровска, Извршен директор;
- м-р Ивана Петкановска, Програмски директор;
- м-р Теа Тевева, Раководител на сектор за локален развој.

### Советодавно тело

Советодавното тело е избрано од редот на експерти од соодветните области, како стручна помош за тековното работење на здружението.

### Надзорен одбор

Надзорниот одбор како орган на Собранието е составен од тројца активни членови:

- д-р Марина Филипоска, област агробизнис и рурален развој;
- Љупка Глигорова, дипл. инженер за заштита на животна средина;
- Емилија Попагиновска, дипл. инженер за заштита на животна средина

### Извршен директор

Извршниот директор на ЦеПроСАРД, м-р Светлана Петровска, заедно со тимот во извршната канцеларија во 2022 година учествуваше во реализацијата на одлуките на Собранието.

Во согласност со одлуките, беше составен тим, кој работеше на имплементација на проекти и активности на локално, регионално и национално ниво. Во овој тим беа вклучени:

- м-р Светлана Петровска, дипл. град. инженер;
- м-р Ивана Петкановска, дипл. инж. архитект;
- м-р Теа Тевева, дипл. економист
- Александар Авросиевски, град. инженер
- Ангелика Ѓоргон, дипл. инж. архитект
- м-р Ивана Топаловска Јовичиќ, дипл. инж. архитект
- Искра Кацарска, дипл. економист

### Извршна канцеларија

ЦеПроСАРД во 2022 година работеше со седум редовно вработени лица и тоа: магистер од областа на животната средина – дипломиран градежен инженер; магистер по архитектура и одржлив дизајн – дипломиран инженер архитект, магистер од областа на проектен менаџмент – дипломиран економист; магистер по архитектутра – дипломиран инженер архитект; дипломиран архитект со специјалност во областа на просторното планирање; дипломиран економист од областа на е-бизнис и еден градежен инженер.

Покрај тоа, во текот на изминатата година согласно потебите беа ангажирани и голем број надворешни соработници, како поединци или стручни тимови на експерти, во зависност од тековните и планираните активности и проекти.

Реализацијата на задачите се спроведува согласно следната структура по сектори:

i. **Сектор за заштита на животната средина**
   - одделение за природа;
   - одделение води и отпад;
   - одделение за индустриско загадување и ризик.

ii. **Сектор за енергија и клима**
   - одделение  за енергетска ефикасност;
   - одделение  за обновливи извори на енергија;
   - одделение за енергетска контрола.

iii. **Сектор за локален развој**
   - одделение за претприемништво;
   - одделение за културно наследство;
   - одделение за туризам.

iv. **Сектор земјоделство и рурален развој**
   - одделение за земјоделство;
   - одделение за рурален развој.

v. **Сектор за социјална инклузија**
   - одделение за родова еднаквост;
   - одделение за поддршка на лица со посебни потреби;
   - одделение за поддршка и вклучување на млади и поттикување на волонтерство.

vi. **Финансии и администрација**
   - одделение за финансиско управување;
   - одделение за администраттивни работи и човечки ресурси.

vii. **Комуникација и информирање**

ЦеПроСАРД во 2022 година работеше на реализација на повеќе проекти, но и како организација - консултант на приватниот и јавниот сектор.

# 4. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2022

## 4.1 СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

### Проект: Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР

***Опис на проектот:*** Главната цел на проектот е да го овозможи спроведувањето на процесот на деинституционализацијата на лицата со попреченост од резиденцијални институции во единици за живеење со поддршка во заедницата, преку обезбедување на иноватини социјални услуги. Проектот ќе придонесе кон подобрување на условите на живеење на лицата со посебни потреби кои живеат во резиденцијални институции, преку нивно раселување во единици за живеење со поддршка во заедницата; ќе ги зајакне капацитетите на стручните лица кои нудат социјална грижа и нега, како што се асистенти за поддржано живеење, ќе воведе иновативни социајлни услуги во заедницата за активна инклузија на лицата со попреченост во општеството и ќе ја зголеми јавната свест за прифаќање и активно вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот.

***Специфични цели:***

- ✓ Воспоставување на услови за процесот на деинституционализација;
- ✓ Раселување на лица со попреченост во во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата;
- ✓ Обезбедување иновативни социјални услуги за активна инклузија на лицата со попреченост во општеството;
- ✓ Подигање на јавната свест за предностите на процесот на деинституционализација и вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот

Целна група и крајни корисници: лицата со попреченост и нивните семејства, единици за локална самоуправа, национални институции и ГО кои работата во областа на социјалните аспекти.

Активности:

- АК ПМ. Проектен менаџмент и координација;
- АК1. Воспоставување услови за процесот на деинституционализација на лицата со попреченост;
- АК2. Обезбедување на услуги за живеење со поддршка во заедницата;
- АК3. Обезбедување на иновативни социјални услуги засновани на заедницата;
- АК4. Промоција и дисеминација на проектните активности и резултати

Очекувани резултати:

- Р1. Оформени единици за живеење со поддршка во заедницата, зголемено знаење и капацитети на стручни лица - асистенти за поддржано живеење на лица со попреченост, како и подготвени лица со попреченост за процесот на деинституционализација;
- Р2. Раселени корисници од резиденцијални институции во единици за живеење со поддршка во заедницата;
- Р3. Развиени и имплементирани иновативни специјализирани индивидуални услуги преку окупациона хортикултурна терапнија;
- Р4. Зголемена јавна свест за предностите на процесот на деинституционалнизација на лицата со попреченост и нивна активна инклузија во општествениот живот

Партнери на проектот:

- Центар за промоција на земјоделски практики и рурален развој - ЦеПроСАРД;
- Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија;
- ЈУ Специјален Завод Демир Капија;

- Општина Демир Капија;
- Фондација Лоза, Шведска

Проектот се спроведува во рамките на Акциската програма на ЕУ за поддршка во образованието, вработувањето и социјалната политика, ИПА II 2017.

Период на спроведување на проектот: 02.01.2020 – 01.05.2023 година

**Клучни постигнувања во изминатиот период:**

Во рамки на проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР", финансиран од Европската Унија целиме кон овозможување на создавање услови за процесот на одржлива деинституционализација и воспоставување на социјални услуги во заедницата низ целата земја, подобрување на социјалниот статус на лицата со попреченост кои живеат во пошироката заедница и нивно независно живеење. Во текот на 2022 година проектот ги исполни повеќето од планираните активности и со цел збогатување на активностите и квалитетот на живот на преселените корисници, доби продолжување на имплементацијата до мај 2023 година од страна на Комисијата на Европската Делегација во РСМ.

Во текот на 2022 година согласно "Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги живеење со поддршка" на Министерството за труд и социјална политика и потребите на корисниците кои ќе живеат во домовите, адаптиравме и реконструиравме 8 станбени единици за живеење со поддршка во заедницата, кои беа мапирани на територијата на општина Велес, Градско, Башино Село и Демир Капија. Домовите беа опремени со сите потребни кујнски апарати, системи за греење и ладење, мебел и покуќнина, дворно уредени и одобрени од страна на Комисијата при МТСП за преселба на уште 40 корисници од Специјалниот Завод Демир Капија кои добија нов топол дом. Со предходно отворените 2 мали групни дома, проектот пресели вкупно 50 корисници од Специјалниот Завод Демир Капија во 10 мали станбени единици за живеење со поддршка во заедницата.

За реализација на поставената цел за грижа и нега во заедницата и обезбедување 24 часовна поддршка од страна на стручен кадар во новоформираните станбени единици, проектот вработи и ангажираше околу 30 асистенти за живеење со поддршка во заедницата и 4 стручни лица како координатори, лица за стручна поддршка и физиотерапевти. Преку услугата живеење со поддршка во заедницата, корисниците на Заводот ќе имаат подобри услови за живот, а стручниот кадар во стамбените единици преку секојдневните активности работи на подобрување на добросостојбата на корисниците, развој на нивните вештини, како и на активна инклузија попреченост во средината во која живеат.

Во текот на годината, продолживме со активна соработка со Здружението за лица со церебрална парализа и други попречености (ЗЛЦПДП) – Велес од Велес, со кое целиме кон развивање на социјалните сервисни услуги во заедницата како и поддршка на Здружението во процесот на лиценцирање и овластување од страна на МТСП, како и преземање на менаџирање на 4 од 10те отворени станбени единици во рамки на проектот по неговото завршување.

Со цел активна рехабилитација и окупациона терапија, во текот на изминатата година особен акцент посветивме на развој на имплементација на иновативни социјални услуги преку почеток на спроведување хортикултурна терапнија, како на стручниот кадар во малите групни домови, така и на преселените корисници. За таа цел изработивме План за хортикултурно уредување на земјиштето при Депандансот на ДКСИ кое ќе биде посадено со зачински и ароматични билки. Во мај 2022 година беше изработен Водич за градење на вештини за имплементација на услуги за хортикултурна терапија кој има за цел да ја потенцира важноста од дополнително зајакнување на компетенциите и квалификациите на стручните лица и асистентите за поддржано живеење да даваат поддршка во секојдневната рехабилитација на лицата со попреченост применувајќи хортикултурна терапија. Во август 2022 година одржавме еднодневна теориска обука на стручниот кадар за имплементација на хортикултурна окупациона терапија и повеќедневна

практична обука во отворените станбени единици каде беа активно инволвирани и самите корисници. Од октомври 2022 година започнавме со спроведување на План за активности поврзани со окупациона терапија во сите станбени единици со активности подобни за домашни услови, се до почеток на теренските активности планирани за пролет 2023 година.

Активност на која работевме подолг период е и изработката на Програма за образование на возрасните - *Програма за обука на асистенти за давање на услугата живеење со поддршка на лица со попреченост*, за чие верифицирање во Центарот за образование на возрасни и Министерството на образование на РСМ го основавме Едукативниот центар за стручно оспособување и кариерен развој ЦеПроЕДУ ДООЕЛ. Истата со решение од МОН беше верифицирана во септември 2022 и со нејзино завршување слушателите ќе имаат можност за добивање на национално признат сертификат за вршење на дејноста.



*Слика 1 – Реконструиран дом во општина Демир Капија*



*Слика 2 – Дневни активности на преселени корисници*



*Слика 3 – Практичен дел од обуката за имплементација на окупациона хортикултурна терапија*



*Слика 4 – Посета на станбените единици пред новогодишните празници*






*Слика 5 и 6 - Промоција по повод отворање на првиот мал групен дом менаџиран од приватен давател на сервисна услуга во о.Велес и телевизиско гостување на националниот сервис МРТ*

## Проект: Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе

### *Опис на проектот:*

Општа цел на проектот за поддршка на развојот на нови и постоечки социјални претпријатија за подобрување на нивната економска независност преку следење на принципот „не оставај никој зад себе" е да ги подобри оперативните капацитети и одржливоста на постојните и новите социјални претпријатија и да создаде нови работни места за лицата од ранлива категорија граѓани и млади невработени лица.

Проектот ќе придонесе за поволни услови за работа на социјалните претпријатија, преку поддршка за основање нови и подобрување на оперативниот капацитет на најмалку 6 социјални претпријатија, а воедно ќе поддржи ново вработување на најмалку 9 лица од ранливи групи (лица со попреченост, жени во ризик и долгорочно невработени). Со оглед на потребите и ограничувањата на државно ниво, главните ограничувања во државата се недостатокот на знаење и свест за социјалното претприемништво и недостатокот на соработка помеѓу социјалните претпријатија, јавните институции и приватниот сектор.

### *Специфични цели:*

- ✓ Поддршка за основање нови и развој на постојни социјални претпријатија за да се обезбеди одржлив економски раст и да се подобри квалитетот на нивните услуги и производи;
- ✓ Подршка на вработувањето на ранливите групи граѓани со што се создаваат нови и одржливи работни места следејќи го принципот – "не оставај никој зад себе";
- ✓ Воспоставување на соработка меѓу социјални претпријатија / граѓански организации, локалните бизниси и општините да го стимулираат зелениот економски раст, заштитата на животната средина и да ги подобрат социјалните услуги и нивното вмрежување;
- ✓ Подигнување на јавната свест за предностите на развојот на социјалните претпријатија и вклучување на ранливите групи во заедницата;

Целна група и крајни корисници на проектот се социјални претпријатија/граѓански организации кои се ангажирани во оваа област, социјално ранливи лица (лица со посебни потреби, жени во ризик и долгорочно невработени) и нивните семејства, локални бизниси, општини и национални владини институции.

Имплементацијата на проектот е организирана во следните **работни пакети на активности**:

- РП0. Почетна фаза;
- РП1. Поддршка на социјалните претпријатија и вработувања;
- РП2. Поддршка за вработувања на ранливи групи;
- РП3. Соработка помеѓу социјални претпријатија / граѓански организации, локални бизниси и општини;
- РП4. Промоција и дисеминација на проектните активности и резултати;

**Очекувани резултати** кои се очекува да се постигнат со проектот се:

- Р0. Успешно спроведени проектни активности и координација со релевантните чинители;
- Р1. Поддржани социјални претпријатија и подобрен квалитет на нивните услуги и производи за стабилен економски раст;
- Р2. Поддржано вработување на ранливи групи граѓани и лица со попреченост следејќи го принципот

„Не оставај никој зад себе“;

- Р3. Стимулиран зелен економски раст, заштита на животната средина и подобрени социјални услуги преку воспоставена плодна соработка и вмрежување помеѓу социјални претпријатија/социјални граѓански организации, локалните бизниси и општините;
- Р4. Подигната јавна свесност за предностите од развојот на социјални претпријатија и вклучувањето на ранливите групи граѓани и лицата со попреченост во заедницата;

Период на имплементација на проектот: 01.12.2021 - 31.05.2023 (18 месеци)

Проектот е финансиран од Европската Унија.

## Промоција на проектните активности:

Во првото тромесечие од 2022 година, проектот „Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот – ‘Не оставај никој зад себе’“, како дел од подготвителните активности, проектниот тим оствари средби со повеќе институции, општини, претставници на граѓански здруженија и бизнис секторот, со цел да оформи консултативно тело - насочувачки Комитет на проектот од релевантни претставници на чинители кои имаат интерес за развивање на социјалното претприемништво во државата. Исто така, одржани беа состаноци со претставници на повеќе институции и организации на кои беа потпишани 10 меморандуми за соработка со цел вмрежување и взаемна поддршка помеѓу социјалните претпријатија, бизнис секторот, локалната самоуправа, национални институции и здруженија на граѓани.

Првиот состанок на Насочувачкиот Комитет кој се одржа во месец февруари 2022, ги опфати тематиките за состојбата и перспективите на социјалните претпријатија, од деловен, институционален и правен аспект. Овој Насочувачки комитет има за цел насочување на активностите во проектот помеѓу кои е избор на комисија за идентификување на критериумите за селектирање на социјални претпријатија и граѓански организации кои ќе бидат поддржани во подобрување на нивната економска независност и капацитетите на организацијата.

Во Центарот за поддршка на социјалните претпријатија во месец мај беше одржан настанот - *тркалезна маса со тематика “Предизвици и можности за развој на социјалната економија во Република Северна Македонија”* како дел од проектните активности кои имаат за цел да ги поддржат социјалните претпријатија и да изнајдат решенија за задоволување на нивните потреби, зголемување на нивниот оперативен капацитет, одржливост, пристап до пазарите и зелената економија, притоа поддржувајќи го зголемувањето на вработувањето на ранливите групи на луѓе, со што ќе придонесе за нивната социјална и професионална реинтеграција.

Со цел подобрување на целокупните капацитети на потенцијалните и постојните социјални претпријатија и дефинирање на нивните специфични потреби е во јуни 2022 година беше публикуван документот - *Проценка на потребите и капацитетите на Социјалните Претпријатија*. Целта на проценката е да помогне во мапирањето на праксите во однос на поставеноста и значењето на општествената димензија, економската димензија и доброто управување во идентификуваните de facto социјални претпријатија, вклучувајќи и проценка на нивниот интерес да се трансформираат во социјални претпријатија во случај на донесување на законска рамка која би го регулирала работењето на овој сектор. Истовремено проценката дава преглед за потребите на различните модели на de facto социјални претпријатија за грантови, како и оценка на нивните капацитети за создавање проектни апликации.

Во јули-август 2022 беше објавен отворен *повик за доделување грантови за поддршка за развој на нови и постојни социјални претпријатија*, со цел да поддржи ентитети кои делуваат на претприемачки начин, создаваат иновативни и неконвенционални решенија за тековните општествени предизвици, креираат вредност за општеството и за сите засегнати страни. По завршување на јавникот повик и евалуација на пристигнатите апликации, беа одбрани *6 организации* - добитници на грантови. Во текот на месец октомври

беа потпишани договори со 6-те избрани организации: Друштво за производство, трговија и услуга ВАЈС Груп ДООЕЛ Скопје - проект: Трансформирање на конвенционалните синџири на снабдување на винариите во циркуларни;  Аквапоника ДООЕЛ Увоз Извоз Скопје, проект - Селото за градот, градот за селото; Здружение за заштита на животна средина и едукација на деца и млади ЕКО ЛАЈФ Гевгелија, проект - Вработување на ранливи групи граѓани во производство на еко плочки за надворешна употреба и воспоставување на систем за правилно управување со отпадна пластика и негово одржување; Рурална Коалиција, проект - Економско и социјално јакнење на жените од руралните средини преку создавање на трајни пазарни врски; Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби „Бравура Кооператива“ - Делчево - проект Клуб за професионална рехабилитација и социјална инклузија „Интегра“; Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) - проект ПОГОН – уникатна платформа.

Проекната единица за имплементација активно соработува со регрантираните организации за текот на спроведувањето на проектните активности и во текот на целосната имплементација на проектните апликации врши увид и мониторинг на работата, како и поддршка во спроведување на истите. Преку активностите за промоција и дисеминација на проектот, беше креирана веб-страница https://www.posop.mk наменета за информирање за тековните случувања, добри практики споделени од страна на 6те регрантирани социјални организации, преземање корисни документи изработени во рамки на проектот и новости во однос на полето на социјално претприемништво.

Истовремено, во рамките на проектот “Поддршка на Социјалните Претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе” се работи на поддржување нови одржливи вработувања на најмалку 9 лица од ранливите групи граѓани.



*Слика 7 - тркалезна маса “Предизвици и можности за развој на социјалната економија во Република Северна Македонија”*




*Слика 8 – Мониторинг средба на регрантирана организација Рурална Коалиција*



*Слика 9 - Средба со претставници на од локалната самоуправа – општина Ресен*



*Слика 10 – Теренска посета на регрантирана организација Аквапоника*

## Проект: Градење на вештини за имплементација на социјални услуги за живеење со поддршка во заедницата

### Опис на проектот:

Главната цел на проектот е реализација на социјална програма - Едукација на асистенти за живеење со поддршка во заедницата за лицата со попреченост на територија на Град Скопје.

### Специфични цели:

- ✓ Спроведуваење на обуки за едукација на 20 асистенти за живеење со поддршка во заедницата;
- ✓ 20 обучени асистенти за поддршка на лицата со попреченост кои имаат квалитетни знаења и вештини во областа;
- ✓ Поголема конкурентност на жените, младите и долго невработените лица на пазарот на трудот;
- ✓ Подобрен статус на родова рамноправност во град Скопје

Целна група и крајни корисници се долгорочно невработени лица, жени во ризик, млади лица и лицата со попреченост

### Проектни активности:

- Организирање и одржување на обуки за едукација на асистенти за живеење со поддршка во заедницата за лица со попреченост;
- Промоција и десиминација на проектните активности и резултати

### Очекувани резултати:

- Р1. Спроведена обуки за едукација на 20 асистенти за живеење со поддршка во заедницата;
- Р2. Оргнизирани 2 состаноци на Насочувачки Комитет со 6 члена;
- Р3. Подигната јавна свест за важноста на еднаковста кај мажите и жените и значењето на родовата рамноправност за развој на Град Скопје во модерен град.

Период на имплементација на проектот: мај 2022- октомври 2022

Проектот е финансиран од Град Скопје согласно Програмата за активности во областа на социјалната, детската и здравствената заштита во град Скопје за 2022 година и согласно Решението за финансирање на Проекти и проектни активности на здруженија на граѓани и фондации бр.08-287/1 од 17.03.2022 година.

### Промоција на проектните активности:

Во рамките на проектот "Градење на вештини за имплементација на социјални услуги за живеење со поддршка во заедницата" во периодот од мај до октомври 2022 година беа реализирани активностите поврзани со теориска и практична обука за усовршување на заинтересирани лица за надоградување на знаењето за нега и поддршка на лица со попреченост.

По 6 дневна теоретска настава на две групи, на 29-ти септември, беше комплетирана и 6 дневна практична настава во мал групен дом за живеење со поддршка во заедницата под раководство на Специјалниот Завод Демир Капија, со што беше сумирана низата обуки наменета за асистенти за живеење со поддршка во

заедницата. Обуките за практична настава ги посетија вкупно 19 лица од отсекот болничари при СУГС “Марија Кири Склодовска” - Скопје, и 17 лица асистенти за живеење со поддршка, а теоретскиот дел се состоеше од вкупно 27 учесници.

Преку обуката за едукација на асистенти за живеење со поддршка учесниците имаа можност да се запознаат со нови начини и методи за извршување на социјалната услуга асистенти за живеење со поддршка во заедницата за лицата со попреченост. Во теоретскиот и практичен дел од обуката беа опфатени тематики како современи пристапи во давањето на поддршка на корисникот, начини за организација на работното место, грижа за здравјето на корисникот на услугата и многу други. По успешното завршување на теоретскиот и практичниот дел на обуката учесниците се стекнаа со сертификат за асистенти за поддржано живеење и можност за вработување во станбена единица за живеење со поддршка на лицата со попреченост во заедницата.



*Слика 11 – работен состанок со Македонско Монтесори Здружение пред почеток на спроведување на обуките*



*Слика 12 – Дел од теориска обука за асистенти за живеење со поддршка во заедницата во просториите на ЦеПроСАРД*



*Слика 13 – Дел од теориска обука за асистенти за живеење со поддршка во заедницата во просториите на СУГС Марија Кири Склодовска*



*Слика 14 – Практична обука во мал групен дом за живеење со поддршка во заедницата*

## 4.2 ЕНЕРГИЈА И КЛИМА

## Проект: „Зелена топлина - воведување на ефикасна услуга за централно греење, ориентирана кон корисниците, базирана на обновливи извори на енергија“

**Опис на проектот:**

Општата цел на проектот е да се овозможи современа, еколошка, општинска услуга за греење на јавни згради која ќе придонесе за подобрување на условите за живот на локалното население преку воспоставување на пилот-единица во Општината Радовиш.

**Специфични цели:**

- ✓ Воведување иновативен, репликативен модел на услуга за централно греење со мала дистрибутивна мрежа, преку зголемена употреба на локално достапни ресурси;
- ✓ Да се зајакнат капацитетите на клучните надлежни чинители за ефикасна транзиција кон напредни и позелени услуги за греење на локално ниво;
- ✓ Да се промовира користење на климатски ориентирани, напредни решенија за испорака на услуги кои стимулираат позелена локална економија

Целни групи и крајни корисници се општинската администрација во Радовиш, Советот на општината, вработените во локалното јавно претпријатие (ЈП) Плаваја, локалните граѓански организации од областа на животната средина, локалните бизниси во индустриите поврзани со ОИЕ. Крајни корисници се и граѓаните на општина Радовиш.

Имплементацијата на проектот е организирана во следните **кластери на активности**:

- Воведна фаза – која вклучува спроведување на истражувања и анализи, како и формирање на Локална група на клучни засегнати страни кои ќе учествуваат во процесите на донесување одлуки поврзани со воведувањето на новата услуга;
- Воспоставување на услуга за централно греење во Општина Радовиш преку мал, еколошки систем за греење базиран на ОИЕ;
- Градење на капацитетите на клучните актери одговорни за успешна испорака на новата услуга за греење; и
- Промотивни активности за подигање на јавната свест за економските, социјалните и еколошките придобивки од новата услуга.

**Очекувани резултати се:**

- Воспоставено напредно, репликативно решение за централно греење кое користи повеќе обновливи извори на енергија и поврзува 5 општински згради во Радовиш;
- Јавната администрација ги има потребните знаења и вештини за планирање, следење и испорачување на новата услуга на одржлив начин и за промовирање на нејзината одржливост во другите општини
- Зајакната јавна свест за економските, социјалните и еколошките придобивки од централното греење базирано на обновливи извори на енергија

Времетраење на проектот: 15 јануари 2022 – 14 мај 2025

Донатор: Европска Унија

## Партнери на проектот:

- Центар за промоција на земјоделски практики и рурален развој - ЦеПроСАРД;
- Општина Радовиш;
- Јавно претпријатие (ЈП) Плаваја;
- придружен партнер Белисче, Хрватска

## Промоција на проектните активности:

Во јануари 2022 започнавме со активностите на проектот „Зелена топлина - воведување на ефикасна услуга за централно греење, ориентирана кон корисниците, базирана на обновливи извори на енергија" чија главна активност е поставување на современ систем на греење, ќе се поврзат 5 јавни згради ви општината каде најголем дел од корисниците се децата и младите.

Со цел да се овозможи решение со кое на најдобар начин ќе се искористи локалниот, достапен потенцијал во општината – како во изборот на енергенси така и во поглед на ефикасни технологии, првите активности беа фокусирани на изработка на стручна *Анализа* која ќе ги земе предвид досегашните искуства и сознанија и ќе понуди најсовремено и иновативно решене за „зелено" - централно греење. Со тоа, Општината Радовиш покрај енергетските и економските придобивки, во вистински смисол ќе се промовира како пример на општина која работи на одржливиот развој и се грижи за иднината и благосостојбата на граѓаните.

Покрај оваа анализа, воведната фаза на проектот вклучуваше и други истражувања и студии, како и формирање на *Локална група на клучни засегнати страни* кои ќе учествуваат во процесите на донесување одлуки поврзани со воведувањето на новата услуга. Со проектот се предвидени и голем број обуки и промотивни активности наменети за директно засегнатите страни и за крајните корисници. Со нив ќе се обезбеди потребното знаење и алатки за успешна реализација на оваа активност и одржливост на долг рок, како и за понатамошно реплицирање на овој модел на општинска услуга, во други општини и на други локации.

Проектниот тим, во соработка со стручен тим од инженери од разни технички профили од компанијата Глобал инженеринг од Битола (машинска, градежна струка, електротехничка, архитектура и сообраќај) во периодот од мај 2022 година интензивно работеше на адаптација на техничкото решение за новиот систем за греење кој ќе се воведе во пет јавни објекти во Општината Радовиш. Со новиот систем, една градинка, основно и средно училиште, спортската сала и општинската зграда, ќе добијат нов, енергетски ефикасен систем за греење, базиран на обновливи извори на енергија кој ќе биде ориентиран кон потрошувачите и кој ќе донесе значајни еколошки, економски и социјални придобивки за граѓаните.

Согласно резултатите и препораките од Анализата за употреба на високо ефикасни алтернативни системи за греење кои користат ОИЕ за пет јавни објекти во Радовиш, која беше изработена во рамки на проектот Зелена топлина и ги зема предвид најдостапните извори на обновлива енергија, но и актуелните случувања во енергетскиот сектор, во втората половина на 2022 година се изработи техничка документација за греење на овие објекти, каде како примарен извор на енергија се користи сончевата енергија. Техничккото решение предвидува поставување фотоволтаици, за производство на електрична енергија на крововите на пет објекти. Истата ќе се користи за потребите на новиот систем за греење со топлински пумпи. Значајна предност на овој систем е тоа што се базира исклучиво локален извор на енергија и не е зависен од дополнителни енергенси. Дополнителна придобивка е што вишокот произведена електрична енергија, општината, покрај за греење ќе може да ја користи согласно потребите и за друга намена.

Проектот е финансиран од програмата IPA "EU for Municipalities" која има за цел пилотирање на иновативни решенија за локалните проблеми во општините, истовремено зајакнувајќи го нивниот капацитет да се справат со нивните надлежности, да ги користат и приспособат најдобрите практични решенија од локалните власти во земјите-членки на ЕУ, како и да ја подобруват вклученоста на локалните чинители во решавањето на проблемите.



Слика 15 – Состанок во општина Радовиш



Слика 16 – Работен состанок во просториите на ЦеПроСАРД

## ЦеПроСАРД – верифицирана организација за вршење на обуки на асистенти за живеење со поддршка во заедницата

Во септември 2022 година успешно го комплетиравме процесот на верификација на институција за образование на возрасните "Едукативен центар за стручно оспособување и кариерен развој" - ЦЕПРО ЕДУ дооел - Скопје. Институцијата е верифицирана согласно Законот за образование на возрасните (Сл.Весник на Република Македонија бр.7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 144/14, 146/15, 30/16 и 64/18). Започнуваме со едукација на идните асистенти за давање на услугата живеење со поддршка на лицата со попреченост, преку верифицирана програмата за едукација во Центарот за образование на возрасни - ЦОВ.

Во иднина ќе развиваме програми и ќе работиме на едукација и кариерен развој на возрасни во сите области на нашето делување. Особено ќе се насочиме на верификација на програмите за подобрување на енергетска ефикасност на објекти (кровопокривачи и сл.) и користење на обновливи извори на енергија како и развивање на програми во делот на органското производство.

## 4.3 ЖИВОТНА СРЕДИНА

### *Студија за локален контекст за праведна транзиција во земјата, со битолскиот регион како студија на случај*

За потребите на проектот „Панда лабс џуниор за праведна транзиција", фокусиран на праведната транзиција, заштитата на животната средина и зеленото претприемништво во С. Македонија, Србија, Црна Гора и Бугарија, ЦеПроСАРД во 2022 година ја изработи Студијата за локален контекст за праведна транзиција во земјата, со битолскиот регион како студија на случај – Генерација за промена. Во Република Северна Македонија проектот го спроведува Џуниор Ачивмент Македонија, а студијата е дел од заложбите за промоција на социјален и праведен транзициски концепт, во рамки на процесите што ќе се преземат до 2030 година, согласно трендовите за инклузивна транзиција кон позелена економија. Овој проект е дел од Европската климатска иницијатива (EUKI) на германското федерално министерство за животна средина, конзервација на природата и нуклеарна безбедност (BMU), а главната цел е да се придонесе кон праведна транзиција и навремен развој на знаење и претприемнички капацитети за младата генерација во регионите со јаглен.




Фотографија 17 – Насловна корица на студијата

## *Соработка со бизнис секторот од североисточниот плански регион, преку обуки за заштита на животната средина*

Експертскиот тим од ЗГ ЦеПроСАРД во соработка со РЕ Услужни дејности во Друштво за градежништво, трговија и услуги „Козјак” АД Куманово, во август 2022 година одржа теренска обука со цел подигнување на знаењето на вработените за водење грижа за животната средина. Обуката се одржа во месец август во просториите на АД „Козјак” и тоа во подружницата Бетоњера – инсталација за производство на готова бетонска смеса и во подружница Каменолом Краста – инсталација за ископ на минерална суровина варовник.

На обуката беа опфатени тематики од повеќе подрачја, како што се: можни извори на загадување на медиумите воздух, вода и почва; начини на управување, мониторинг и превземање на мерки за намалување на влијанијата од тековните загадувања на медиумите воздух, вода и почва; начин на управување со комунален и опасен отпад; можни извори на бучава и вибрации и мерки за заштита и нивно намалување; состојба со постоечки биодиверзитет, мониториг и ревитализација.

Обуката е финансирана од Друштво за градежништво, трговија и услуги „Козјак” АД Куманово.




*Слики 18 и 19 – Обука во просториите на „Козјак” АД Куманово*

### 4.4 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

## Тимот на ЦеПроСАРД - дел од жири комисијата на натпреварот Претприемачки Вештини за млади

На 20 и 21 јуни 2022 година, во Хотел Дрим - Струга се одржа Натпреварот за претприемачки вештини за млади од повеќе средни училишта организиран од страна на Junior Achievement Macedonia. Претставник од тимот беше дел од жири комисијата на натпреварот за претприемнички вештини. Комисијата имаше голем предизвик да ги одбере најдобрите и најиновативните еко бизнис идеи. Натпреварот имаше за цел да го поттикне претприемачкиот дух кај младите преку развивање на бизнис проектни насочени кон климатските промени и важноста на зелениот бизнис, преточени во иновативни бизнис решенија.




*Слики 20 и 21 – Дел од атмосферата на натпреварот за претприемачки вештини*

# 5. КОМУНИКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Информациите за активностите и проектите ЦеПроСАРД ги објавува редовно на својата веб страна www.ceprosard,org.mk, и на профилите на организацијата на социјалните мрежи www.facebook.com/CeProSARD/.

Организацијата издава и електронски билтен на квартално ниво, кој се дистрибуира електронски на голем број корисници. Сите броеви на електронскиот билтен се достапни и на веб страната на организацијата, исто како и сите документи, публикации и промотивни материјали кои се изработуваат во рамки на тековните активности.

Во зависност од потребите, информации се објавуваат и во печатените и во електронските медиуми, како и на веб-страниците на други домашни и меѓународни организации, владини институции, невладини органицации и сл.

Информации за активностите и проектите на ЦеПроСАРД објавуваа голем број медиуми со што се постигнуваше исклучително висока информираност на целните групи и крајните корисници.

Освен националните и локалните телевизии, радијата, печатените и електронските медиуми, информации беа објавувани и на веб страните на институциите, социјалните мрежи на партнерските организации и соработниците, а истите во најголем број случаи беа споделувани и од останати корисници.

Дел од овие информациите се презентирани на следните фотографии:




Состанок во Министерство за труд и социјална политика



Отворање на мал групен дом во Велес



Промотивен настан по проектот Зелена топлина



Теренски активности - мониторинг посети на реграантирани организации

# 6. ОБУКИ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во 2022 година, тимот на ЦеПроСАРД работеше на сопственото зајакнување на капацитетите со тоа што вработените активно учествуваа на обуки:

- Дводневна обука за Управување со Проектен Циклус за потенцијални апликанти на ИПА Програмата за прекугранична соработка Косово - Северна Македонија за 5-тиот Повик за предлог проекти. Обуката се одржа во просториите на Хотел Александар Палас во Скопје, Северна Македонија, на 15ти и 16ти февруари 2022.
- Онлајн обуки на теми поврзани со Зелениот климатски фонд кои се спроведуваа во периодот 28 февруари – 23 март 2022, преку платформата ZOOM. Обуките беа во рамки на вториот подготвителен проект на Република Северна Македонија од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на Зелениот климатски фонд „Зајакнување на националните капацитети за ублажување и адаптација кон климатските промени и финализирање на Работната програма за Зелениот климатски фонд на Република Северна Македонија'' – спроведуван од ФАО под водство на Националниот назначен орган за Зелениот климатски фонд.
- Дводневни обуки на 02 и 03 јуни 2022 како дел од Националната Платформа за женско претприемништво наменети за зајакнување на капацитетите на претставници од граѓански организации за застапување и политики. Модулите беа наменети кон придонес за анализа на јавни документи неопходни во процесот на застапување и креирање на јавни политики, изработка конкретен концепт и акциски план за водење на процес на истражување засновано на факти а во насока на застапување и креирање на политики во функција на поддржување на женското претприемништво, како и избирање соодветни алатки и методи за водење на истражување засновано на факти, како и организирање на настани и интернет активизам. Нашите претставници ги зајакнаа капацитетите во рамки на јакнење на организацискиот менаџмент во рамките на организацијата, изработка на акциски план за вмрежување и креирање на политики во функција на поддржување на женското претприемништво, како и избор на соодветни алатки и методи за ефективно организирање на настани и секојдневните активности за потребите на организацијата и пошироко.





*Слики 22 и 23 – присуство на обуки на дел од тимот на ЦеПроСАРД*

# 7. ВМРЕЖУВАЊЕ

**Вмрежување на локално и на меѓународно ниво**

- Мрежа за рурален развој на Република Македонија (МРР)– основач и член
- Здружение на лиценцирани енергетски контролори (ЗЛЕК) – основач и член
- Отворено владино партнерство (ОВП) - член
- Forum Synergies – член
- Natura 2000 Coalition - член
- ARC 2020 – член
- Заедничка иницијатива на 17 ГО за соработка и партнерство со националните и локалните власти во полето на животната средина и климатските промени – член

# 8. ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА

Нашата организација континуирано работи на проширување на својата мрежа на соработници во областите во кои работи на локално, регионално и меѓународно ниво. Нашите партнери доаѓаат од различни сектори: НВО, биснис заедницата, различни образовни и научни организации, владини институции, но исто така вклучуваат и индивидуалци. Нашата цел е да го зголемиме влијанието кон позитивни реформи во областа на нашето делување – одржлив развој со фокус на заштитата на животната средина, локалниот развој, климатските промени и енергијата, притоа не оставајќи никој зад себе. Ставаме посебен акцент на социјалната инклузија и претприемништвото кои се тематски линк во сите наши активности. Во изминатата година ја зајакнавме соработката со регионалните центри – Центрите за развој на Пелагонискиот плански регион, Вардарскиот плански регион и Скопскиот плански регион; единиците на локална самоуправа – општините Радовиш, Ѓорче Петров, Карпош, Шуто Оризари, Бутел, Петровец, општина Медвеѓа од Србија , општина Мамуша – Косово. Продолжуваме да ја јакнеме и соработката со повеќе национални институции релевантни за нашата работа, како на пример Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Агенцијата за енергетика и други.

# 9. ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА

Секторот за финансии администрација на ЦеПроСАРД се состои од 2 одделенија: за административни работи и човечки ресурси и за финансиско управување.

## 9.1 АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Одделението за административни работи и човечки ресурси во текот на 2022 година совесно и со сопствени ресурси ги реализираше трите основни фукции:

а) ги вршеше административните работи и архивското и канцелариско работење,

б) ги следеше јавните набавки и

в) го развиваше и одржуваше информатичкиот систем

## 9.2 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ

Одделението за финансиски работи продолжи да работи со подеднаква посвееност како и во предходните години. Одделот освен што го подготвува и следи годишниот буџетот на здружението, учествуваше и во подготовка на проектни апликации како и во изработка на буџети во рамки на проектните апликации

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА ВО 2022 ГОДИНА

| **ОПИС** | **ИЗНОС** (МКД) |
|---|---|
| **АКТИВА (СРЕДСТВА)** | |
| АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА | *1.115.959* |
| нематеријални | -- |
| материјални | 1.115.959 |
| – опрема | 1.115.959 |
| ВКУПНИ ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА | 1.115.959 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И АКТИВНИ ПРЕРСМЕТКОВНИ СМЕТКИ | *9.253.407* |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА | 4.804.916 |
| – жиро сметка | 3.744.815 |
| – благајна | -- |
| – девизна сметка | 1.060.101 |
| КУПУВАЧИ | 1.796.441 |
| ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 2.000 |
| АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 2.648.694 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **10.369.366** |
| **ПАСИВА (ОБВРСКИ И КАПИТАЛ)** | |
| ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 1.115.959 |
| – деловен фонд | 1.115.959 |
| – ревалоризациона резерва | -- |
| ВКУПНИ ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 1.115.959 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 3.702.125 |
| – добавувачи | 1.035.853 |
| – обврски кон државата | 23.721 |
| – краткорочни финансиски обврски | 2.642.551 |
| – други краткорочни обврски | -- |
| – обврски за плати | -- |
| ВКУПНИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 3.702.125 |
| ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 5.551.282 |
| – дел од вишокот од приходите пренесени во наредната година | 3.754.841 |
| – други пасивни временски разграничувања | 1.796.441 |
| ВКУПНО ПАСИВНИ ВРЕМ. РАЗГРАНИЧУВАЊА | 10.369.366 |
| РЕЗЕРВЕН ФОНД | -- |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **10.369.366** |

## БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ВО 2022 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | ИЗНОС |
|---|---|
| ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ | 272.983 |
| ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ, ЧЛЕНАРИНИ И ДР. ИЗВОРИ | 17.485.593 |
| ДРУГИ ПРИХОДИ | 243.350 |
| ВИШОК ПРИХОДИ ОД ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА | 18.623.785 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 36.625.711 |
| **РАСХОДИ** | **ИЗНОС** |
| МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 11.769.358 |
| ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ | 6.093.051 |
| ДРУГИ РАСХОДИ | 14.901.250 |
| СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА | 82.812 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | 32.870.870 |
| **РАЗЛИКА МЕЃУ ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ** | 3.754.841 |
| **В К У П Н О** | 36.625.711 |

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО 2022 ГОДИНА




СТРУКТУРА НА РАСХОДИ
0%
36%
45%
19%
МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ
ДРУГИ РАСХОДИ
СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА